РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-379/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6 – та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Предметот заведен под број 09-379/1 од 24.01.2024 година против службеното лице --------, член на Советот на општина -------- и член на Советот за ------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-379/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ------- со бр. 09-5515/1 од 18.05.2023 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на Советот на општина ---------- во исто време ја врши и функцијата член на Советот за ----------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ---------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

бр. 09-379/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од наведените функции.
Врз основа на доставеното Известување бр. 09-379/3 од 20.02.2024 година од страна на ------, ДКСК констатира дека истата повеќе не ја извршува функцијата член на Советот на општина --------- од 13.10.2021 година, по што има поднесено до ДКСК образец Анкетен лист по престанување на функцијата од 08.11.2021 година.
Лицето ------------ ја извршува функцијата член Советот за ----------- од 25.04.2023 година, именувана од страна на Владата на РСМ со Решение бр. 15-4391/1 од 25.04.2023 година.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи --------- не извршувала две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ц.Р. - член на ДКСК